**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

# ,,НАУМ ОХРИДСКИ,,

**С. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2019 / 2020 ГОДИНА








**ЈУЛИ, 2020 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата и постигнатите резултати на крајот од учебната 2019 / 2020 година

**Појдовни основи за изработка на извештајот**

Извештајот за работа на училиштето на крајот од учебната 2019/2020 година е изработен врз основа на реализираните активности планирани со Годишната програма за работа на училиштето, усвоена на седницата на Училишниот одбор на ден 14.08.2019 година.

**Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето.**

**Опис, локација и опременост на објектот**

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани се наоѓа на падините на Скопска Црна Гора, Скопје. Во својот состав има две подрачни училишта во с. Црешево каде наставата е организирана за учениците од прво до деветто одделение, и с. Раштак каде има две комбинирани паралелки и тоа прво и второ одделение и трето и четврто одделение.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата. Во училиштето во с. Булачани се изработија на тавани од гипс картон со молерисување на таваните и молерисување и санација на сите простории во училиштата во с. Булачани, с. Црешево и с. Раштак, поплочување со бекатон во предниот дел од дворот и поставени жардињери со цвеќе, во училиштето во с. Раштак беше обновена оштетената фасада. Во сите училишта беа набавени 4 интерактивни табли и 4 прожектори кои придонесоа за осовременување на наставата, беа набавени 20 компјутери за потребите на наставата, набавени беа и нагледни средства за потребите на наставата по Физичко образование и историја, набавени беа и нови лектирни изданија за учениците од I-IX одделение.

Задниот дел од дворот во с. Булачани е расчистен. Направен е потпорен ѕид со ограда и истиот е насликан. Во неговиот преден дел направени се трибини за публика и плато за изведување претстави и други настани. Поставени се клупи со канти за отпадоци и ставени се бетонски жардињери посадени со цвеќиња. На дел од просторот направена е цветна градина на која се засадени зимзелени дрвца и цвеќиња. Делот лево и десно од двете страни е озеленет и е направено катче за одмор и релаксација за учениците.

Дворот е озеленет со нови засади. Сите овие реновирања придонесоа за непречено започнување на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

**Кадровски услови**

Кадарот во училиштето - заедно со подрачните училишта го сочинуваат:

- Директор - 1,
- Стручен соработник – психолог - 1,
- Стручен соработник – педагог – 1,
- Наставници во одделенска настава - 13
- Наставници во предметна настава - 13
- Администартивен персонал
  Секретар – 1
- Технички персонал
- Хаусмајстор - 1
- Хигиеничари - 5

Вкупно вработени лица – 36

**Организација на воспитно – образовната дејност**

Училиштето работи во две смени од кои првата почнува во 8,00 до 13,25 часот и втората започнува од 13,30 до 18,10 часот. Наставата се изведува во нормални услови со оглед на оддалеченоста на училиштето од градот. Во подрачното училиште во с. Црешево наставата се изведува во две полни смени од кои првата почнува во 7,45 до 13,25 и втората започнува од 13,30 до 18,10 часот. Во подрачното училиште во с. Раштак се работи во една смена со почеток од 8,00 до 12,40 часот.

Воспитно – образовната дејност се одвива според Планот и програмите за воспитно – образовната дејност на ОУ и основното образование – содржини и организација на воспитно – образовната дејност.

**Н А С Т А В А**

**Задолжителна настава**

По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по – предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците од IV – IX одделение. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларните прегледи што се составен дел на овој извештај.

**Изборната настава** е застапена по предметите:

- Етика на религии во шесто а,б одделение,
- Танци и народни ора во седмо – а,б одделение,
- Вештини на живеење во осмо - а одделение
- Проекти од музичка уметност во осмо – б одделение,
- Истражување на родниот крај во девето - а одделение,
- Вештини на живеење во девето - б одделение,

Планираните содржини по изборните предмети се реализирани согласно наставниот план и програма, а знаењата на учениците се вреднувани.

**Дополнителната настава** има задолжителен карактер и се организира за учениците кои имаат повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надградуваат

идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечна, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност.
**Додатната настава** се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализира во дадено одделение за да можат самите да направат избор.

Во периодот од 11.03.до 10.06.2020 година поради пандемијата наставата се одвиваше преку платформата на училиштето Е-училница објавена на веб страната на училиштето http://naumohridski,edu.mk/ а подоцна на платформата **gougle clastrooom и** видео конференциска врска на ZOOM.

Оваа година се отвори и паралелка за **дневен престој** во подрачното училиште во с. Црешево. Паралелката ги опфаќа учениците од прво до трето одделение. Бројот на ученици е променлив и се движи околу 20 ученика. Паралелката работи во две смени и тоа во прва од 08-13 часот и втора од 11-16 часот. Во оваа паралелка се реализираат активности согласно ЗОО за што одговорната наставничка има своја програма за работа. Домашните задачи се реализираа тековно согласно со изучените наставни содржини.Се реализираат и слободни активности како боење, цртање, читање списанија. Бидејки наставничката е приправник, од 11 Март е вклучена во во сите активности во on line наставата во одделението на менторот Соња Апостоловска-Трајковска 3-б.одд.

**Бројна состојба на учениците**
Оваа учебна година во училиштето се опфатени вкупно 359 ученика распределени во 20 паралелки. Во училиштето во с. Булачани има 145 ученика, во ПОУ с. Црешево има 193 ученика и во ПУ с. Раштак 21 ученика.
**Редовност на учениците**
На крајот од учебната година од вкупно 359 ученика со примерно поведение се сите ученици, со добро и со незадоволително поведение нема ниту еден ученик. Во овој период евидентирани се 3006 оправдани изостаноци и 4 неоправдани изостаноци или вкупно 3010 изостаноци. Оправданото отсуство се однесува на учениците кои беа болни од вирози, настинки и сл. Најчеста причина за неоправданите изостаноци се доцнењата на часовите.
**Успех на учениците**
Од вкупно 237 ученика од IV– IX одделение

| успех | број на ученици |
|---|---|
| одличен | 148 |
| многу добар | 69 |
| добар | 20 |
| доволен | / |
| со слаби оценки | / |

Среден успех од IV – IX одделение е **4,48**
Во табелите се прикажани статистичките податоци за успехот на учениците.

**Проекти на кои се работи во училиштето**
- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.

**Извештај за реализација на програмата**
**„ Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во РСМакедонија“**

Во училиштето редовно се реализираат седумте чекори од програмата „Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во РС Македонија“
- Формирање на ЕКО- одбор
- Анализа на животната средина
- Изработка на План на активности
- Поврзување со настаната програма

ЕКО - одборот има членови од наставниците, технички персонал, ученици, локалната самоуправа и претставници од Совет на родители. Одборот одржува редовни состаноци еднаш месечно, на кои се дискутира за реализацијата на програмата и се одредуваат селдните активности.

Планот на активности опфаќа активности кои произлегуваат од Анализа на животната средина, за секоја активност има назначено одговорно лице за следење на реализација и има формирано еко-патроли од редовите на учениците.

Завршени активности од Планот на активности во текот на учебната година:

| **Еко-стандард** | **Точки на акција** | **Начин на реализација** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Енергија** | **Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на** | Одредување на ученици кои ќе бидат во еко патролите, распределба на обврските по членовите и упатства за потполнувае | септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **имплементација на овие активности** | на формуларите. | |
| **Уреден и еколошки двор** | **Поставување на пристапни патеки во дворот** | Одредување на местата на кои треба да се постават патеки<br>Избор на фирма која ке ги изведе активностите<br>Набавка на дополнителни жардињери и цвеќиња за во нив | октомври |
| **Енергија** | **Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија** | Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата<br>Изработка на упатства од страна на учениците<br>Истакнување на упатствата<br>Изработка на флаери за енергетска ефикасност | ноември |
| **Уреден и еколошки двор** | **Засадување на дрвја и хортикултурно уредување на дворот** | Засадување на дрвца во соработка со проектот Училишни градини и цвеќиња во жардињерите. | ноември |
| **Уреден и еколошки двор** | **Функционално и безбедно игралиште** | Обезбедување на дополнително игралиште за изведување на часовите по физичко образование и дополнителни вонннаставни активности | мај-јуни |
| **Отпад** | **Евиденција на собраниот отпад** | Документирана евиденција за количина на собран отпад од овластена компанија за собирање на отпад (хартија/пластика/стакло/т ерапак итн.)<br>Електронски отпад | ноември |
| **Отпад** | **Поставување на корпи за селекција на отпад** | Одредување на местата на кои треба да се постават корпи за селекција на отпад<br>Набавка на корпи од донација<br>Поставување на корпите | декември |

Во училиштето се организираат и изведува и уште еден проект чии активности се вклучени во оваа програма, тоа е Училишни градини, а во текот на првото полугодие се одржаа и Еколошки кампањи и акции:

- Европска недела на мобилност 16 – 22 септември
- Садење на лешникови дрвца во соработка со Slow Food Училишни градини – ноември 2019 година

- Со микробит – За почист воздух! За подобро здравје  - ноември 2019 година
-  Во склоп на активноста Најголемиот час на светот, одржани Еко часови на тема ПРАВО НА ДЕЦАТА-ЖИВОТ НА ЗЕМЈАТА!
-  активности по повод денот на Планетата Земја 7 април.

Наставниците редовно ги одржуваат часовите кои се имплементирани сите девет еколошки теми во редовната настава, во второто полугодие преку он-лајн настава.

Координатор на проектот е Соња Рулеска.

И оваа учебна година продолжуваат активностите во  училиштето на  проектот **Меѓуетничка интеграција во образовниот систем**. Активностите кои ги бара проектот се имплементација на МИО во наставата се реализира преку образование за животни вештини. Како и активности кои ќе се реализираат надвор од училиштето заедно со партнер-училиштето ООУ,,26 Јули,, на полето на слободните ученички активности, разни посети, излети и средби со наставниците, учениците и родителите од партнер-училиштето.

Во текот на оваа учебна година направен е план за имплементација во наставата и истиот се реализира на часовите.

Целта на овој проект е градење меѓусебна доверба и соработка, развивање позитивен став кон различностите, развивање на  креативноста кај учениците кој се покажа како корисен во натамошните  контакти со наставниците од другото училиште. Понатамошните активности ќе следат како што се планирани.

Координатор на проектот – Даниела Димишкова

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот **,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,**   одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.

Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици.

На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.

Во наставата беа  планирани активности со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.

Секако битен момент во едукацијата беше  и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на  учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

Проектот ,,**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,** има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес.Овој проект предвидува целта да се постигне преку

заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др. Во текот на учебната година реализирани се следните активности:

02.09.2019 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

16-22.09.2019 – европска недела на мобилност - одбележување на традиционалната велосипедска трка,

05.10.2018 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

14.10.2019 – реализирана есенска екскурзија до месноста Кучково – Скопје, ,

15.10 – 15.11.2019 – месец на книгата,

30-31.10.2019 – манифестација ,,Есен во есен,,

-11.2019 година - Садење на лешникови дрвца во соработка со Slow Food Училишни градини

-11.2019 година - Со микробит – За почист воздух! За подобро здравје,

22.11.2019 – посета на фестивалот ,,Златно славејче,, во МОБ,

06.12.2019 – посета на родител,

10.12.2019 – работилници организирани од Црвен Крст на Гази Баба на тема ,,ХИВ/СИДА и СПИ и несакана бременост,, со учениците од 8 и 9 одделение,

19.02.2020 – реализирана е посета на Драмски театар на претставата ,,Снежана и седумте џуџиња,,

02.09.2019; 08.11.2019; 20.12.2019; 22.01.2020; 14.04.2020; 12.06.2020 - Реализирани родителски средби - одд. настава

06.09.2019; 08.11.2019; 20.12.2019; 21.01.2020; 14.04.2020; 26.05.2020; 15.06.2020 - Реализирани родителски средби - предметна настава

Родителските средби во периодот на пандемијата беа реализирани со помош на средствата за електронска комуникација (Messenger, Viber, видео платформата Zoom).

Извештај од активности поврзани со **антикорупциска едукација на учениците**

Во текот на целата учебна година Тимот за антикорупциска едукација работеше според претходно направен Акционен план и планирана програма за спроведување на тековни активности. планирани во учебната година.

Во текот на учебната година се одржаа многу средби поврзани со активности за корупција и антикорупција.По усвојување на програмата со учениците се спроведе анкета со Анкетен прашалник во ученичката заедница дел од активност за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта.

Се спроведе активност на часот со учениците од шесто и седмо одделение.. На часот преку презентација учениците се запознаа со содржини

за антикорупциско однесување, одолевање на социјален притисок и препознавањена механизми за спречување корупција. Корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, мито и проневера на пари. Зборот „корумпиран" потекнува од латинскиот збор „corruptus". Кога се користи како придавка, овој збор буквално значи „крајно расипан", додека во современата англиска употреба зборовите корупција и корумпирани имаат многу значења. Корупцијата може да вклучи многу активности, вклучително и поткуп и проневера, иако може да вклучи и практики што се легални во многу земји. Политичка корупција се случува кога носител на должноста или друг владин вработен делува во службена должност за лична добивка. Корупцијата е најчесто во клептократии, олигархии, нарко-држави и мафијашки држави. На 9-ти декември, по донесувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата на 31 октомври 2003 година, се одбележува Меѓународниот ден за борба против корупцијата.Од оваа презентација учениците добија јасна слика за поимот корупција. Откако беше пренесена презентацијата учениците отворено дискутираа за ова и притоа прашуваа и кажуваа можни примери за вакви случаи и не само тоа разговараа и за начинот како да се заштитат при вакви случаи.

Учениците на часот по ЕТИКА работеа за универзални етички вредности за Чесност- најголема добродетел. Ученикотда може да ја анализира и усвојува концепцијата и содржината на етичката вредност – чесност - како една од најбазичните етички вредности.Да знае како да ги развива етичките сознанија за чесноста и личната определба за етичко/чесно дејствување.Може да ја анализира и усвојува концепцијата и содржината на етичката вредност – **чесност** - како една од најбазичните етички вредности;Знае како да ги развива етичките сознанија за чесноста и личната определба за етичко/чесно дејствување.

Одговорен наставник - Златка Панчевска

Од оваа учебна година нашето училиште се вклучи во проектот **„Училишни градини – училница од иднината"** во соработка со SLOW FOOD VODNO. Беше потпишан Меморандум за соработка и беа одржани состаноци со наставниците кои беа запознаени со целта на проектот и активностите кои ќе се превземат за имплементација на проектот во наставата. Беше направен план и скица како ќе изгледа училишнита градина која ќе се реализира следната учебна година. Во рамките на проектот беа засадени 10 лешникови дрвца во училишниот двор во с. Булачани.

Беше реализирана работилница со содржина „Изработка на мотивациони пораки за одржливост на училишна градина" - Цел: поттикнување одржливост, социјализација и дијалог помеѓу чинателите во заедницата. Реализатори беа учениците од I и III одд., одделенските наставници и активистите на Slow Food Vodno .

Работилницата за подигнување на нивото на свест кај учениците во врска со храната, органскиот отпад и компостирањето. Во реализација на оваа

активност учествуваа ученици од V и VI одд. предметни наставници по физичко и техничко образование како и активистите на Slow Food Vodno.

На часовите по ликовно образование и англиски јазик беше реализирана содржината „Дизајн на училишната градина“. Целта на работилницата беше поттикнување на ученичката имагинација за визуелизација на посакуваната училишна градина. Реализатори на оваа активност беа ученици од VI одд. предметните наставници по ликовно образование и англиски јазик како и активистите на Slow Food Vodno.

Содржината „Дизајн на распоред на растенијата во училишната градина“ ја реализираа учениците од V одд. одделенскиот наставник и активистите на Slow Food Vodno. Целта на оваа активност беше субјективно дизајнирање на училишната градина преку распоредување на растенијата.
Координатор на проектот - Снежа Ангеловска.

**Вон - наставни активности**

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат. Планираните активности во годишната програма се реализирани. Дел од активностите на секциите се:

02.09.2019 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,
16-22.09.2019 – европска недела на мобилност - одбележување на традиционалната велосипедска трка,
05.10.2019 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,
14.10.2019 – реализирана есенска екскурзија до месноста Кучково – Скопје,
15.10 – 15.11.2019 – месец на книгата,
30-31.10.2019 – манифестација ,,Есен во есен,,
11.2019 година - Со микробит – За почист воздух! За подобро здравје,
22.11.2019 – посета на фестивалот ,,Златно славејче,, во МОБ,
06.12.2019 – посета на родител со промоција на занимањето – медицинска сестра,
10.12.2019 – работилници организирани од Црвен Крст на Гази Баба на тема ,,ХИВ/СИДА и СПИ и несакана бременост,, со учениците од 8 и 9 одделение,

- општинска лига во футсал (машки) 6 – 9 одд.– во текот на учебната година (континуирано)
- општинска лига во кошарка (машки) 6 – 9 одд. – во текот на учебната година (континуитано)
- општинска лига во одбојка (женски) 6 – 9 одд. - во текот на учебната година (континуитано)
- општински натпревари во турнир футсал – женски 6 – 9 одд.
- општински натпревари во турнир кошарка – женски 6 – 9 одд.
- општински натпревари во турнир ракомет – женски 6 – 9 одд.

19.02.2020 – реализирана е посета на Драмски театар на претставата ,,Снежана и седумте џуџиња,,

**Учеството на натпревари**

- натпревар ,,Кодирање 2019,, во рамките на програмата ,,Училишта на 21 век,,
-против-пожарен квиз -14.11.2019,
-општински натпревар ,,Млади библиотекари,, 25.10.2019,
-републички натпревар ,,Млади библиотекари,, 15.11.2019,
-литературен натпревар ,,Есен во есен,, - Гази Баба,
-литературен натпревар ,,Противпожарен – Пожар,,

**Извештај од посета на литературната манифестација „Есен во Гази Баба“**

На ден 30-31.10.2019 година се одржа петата по ред *Книжевна манифестација ,,Есеј во есен ,,*чии главен покровител е општината Гази Баба,а секоја година домакин е ООУ,, Григор Прличев,, .

Во организација на авторот за деца и млади Горјан Петревски и негови колеги по перо , кои на ова случување ги почестија гостите со фрагменти од својата поезија, по нив следеше излагање на наградените ученици од општинските основни училишта. Жирито по разгледување на пристигнатите творби заклучи дека квалитетот на есеите не само што ги задоволува критериумите туку и ги надминува очекувањата . Од тука издржливоста на пристигнатите творби може само да не радува што во единаесет основни училишта колку што ги има во Општина Гази Баба има талентирани млади творци.

Книжевната манифестација „Есен во Гази Баба“ се одржа на 30 и 31 октомври 2019 г. во Неолитската населба „Тумба Маџари“ и Парк шумата „Гази Баба“ (првиот ден, среда 30 октомври од 10 ч. и вториот ден, 31 октомври (четврток) во ООУ „Григор Прличев“ во н. Железарница во 12 ч.

Првиот ден, 30 октомври (среда), учесниците-ученици на најдобрите есеи со своите ментори-наставници, на ниво на Град Скопје, во 10,00 часот беа кај „Дрво Декор“, наспроти хотелот „Холидеј Ин“, кај Жена – паркот и Трговскиот центар, во строгиот центар на градот од каде што со автобус, се посети атрактивниот локалитет „Тумба Маџари“ каде што младите есеисти прочитаат по еден фрагмент од своите есеи и имаа средба и разговор со познати писатели за деца и млади. Потоа, во 12 ч., со организиран превоз бевме до фудбалскиот стадион во нас. Автокоманда, каде се посети Парк шумата „Гази Баба“ и можното место каде што големиот поет Блаже Конески, при една прошетка, ја напишал песната „Скопје“, единствената која е посветена на оваа живописна шума.. Враќањето од Парк – шумата беше со редовниот градски превоз од населбата од каде што ими превоз на линиите со број 16, 13, 2-А, 42 и 26.

Вториот ден Манифестацијата продолжи во ООУ „Григор Прличев“ во нас. Железарница пред голем број гости и учесници.

На крај манифестацијата се заокружи со коктел каде што наставниците и учениците заедно со Градоначалникот од општината ги разменуваа импресиите од оваа книжевна организација.

На оваа манифестација од нашето училиште беше наградена ученичката Мартина Богдановска  од 6 а одделение и ученичката Ева Атанасовска од 9-а одделение на кои им беа доделени и дипломи а и за  нивни ментори имаше дипломи.





На манифастацијата присуствуваа и родителите  Анета Атанасовска и Љупка Богдановска.

**Ученички екскурзии**

**Извештај од спроведен еднодневен излет до излетничкото место ,,Кучково,, со учениците од II – IX одд.**

**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од II – IX одд.

**Образовно – воспитни цели:**

- запознавање со природните ресурси на град Скопје,;
- градење на позитивен однос кон културните знаменитости од нашата историја;
- запознавање со различни средини и нивните специфични природно - географски обележја;
- запознавање со културно - историските знаменитости: на излетничкото место Кучково,
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која се наоѓа комплексот;

**Образовно – воспитни задачи:**

- развивање интерес за нашата историја, природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита на културното богатство и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** директорот на училиштето

**Одговорен наставник:** Ивица Петрушевски наставник по физичко и здравствено образование.

**Носители на активностите:** учениците од II-IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;

- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** крај на септември - почеток на октомври.

**Локалитети за посета и правци на патување :** с. Булачани – излетничко место - Кучково

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

На ден 14. 10. 2019 година со почеток во 08.30 часот се собраа учениците од I-IX одделение пред училиштето во с. Црешево и училиштето во с. Булачани од каде тргнаа на еднодневен есенски излет до излетничкото место во с. Кучково. Претходно учениците беа групирани по одделенија и распоредени по автобусите. Секој ученик знаеше каде да се смести и откако сите беа сместени, автобусите тргнаа.

Додека учениците патуваа до местото каде што требаше да се реализира еднодневниот излет попатно од автобус ги разгледуваа местата низ кои што поминувавме.

За околу 30 минути пристигнавме до планираното место. Автобусите се паркираа и учениците излегоа сместувајќи се под летниковците и масите со клупи. Првиот впечаток даваше задоволство не само кај учениците туку и кај наставниците. Местото кое го посетивме беше прекрасно. Потоа поединечно или групно почнаа да го разгледуваат местото и околината исполнета со разновидни дрвја, цвеќиња. Особено ги интересираше излетничкото место над с. Кучково. Овој излет беше посебно возбудлив затоа што учениците организирани во групи се запознаа со историјатот и развојот на манастирскиот комплекс Св. Илија презентиран од страна на локалниот кустос. Низ игра, дружење и забава времето брзо помина и сите радосни го напуштивме ова прекрасно место кое примамува со својата пространа убавина, прекрасна глетка и свеж воздух. Учениците беа одговорни и ги почитуваа сите совети за добро однесување. Потоа дел од учениците играа фудбал, поголем дел беа публика а додека имаше и ученици кои уживаа во преубавото место.

Околу 14 часот учениците полека почнаа да се припремаат за тргнување назад кон автобусите. Откако сите се собравме и во 14.30 часот тргнавме, напуштајќи го прекрасното место. Според добиените впечатоци од

учениците овој еднодневен  излет беше успешен. Безбедно се вративме пред училиштата, секој среќен и задоволен од преубавиот поминат ден.
Раководител на екскурзијата:
Елизабета Андова - директор
Ивица Петрушевски - наставник по физичко образование

**Извештај од реализиран еднодневен есенски излет до местото Сарачево, близу с. Раштак за учениците од I одделение**

На 14.10.2019 година учениците од I одделение организирано заминаа на еднодневен излет до местото Сарачево близу с. Раштак. Тргнувањето беше во 8,00 часот од местото на живеење, а на одредиштето пристигнаа бо 8,30 часот. Учениците најпрвин се сместија, а потоа следеше мала закуска. Продолжија со прошетка до блиската околина каде се воодушевуваа од есенските бои и собираа есенски плодови и листови. Потоа следеа елементарни игри меѓу одделенијата. Учениците со задоволство учествуваа во игрите. Пред тргнување следуваше собирање на отпадоците и оставање на местото чисто. Излетот траеше 4 часа и учениците дома пристигнаа во 12 часот.

Одделенски наставници :  Снеже Ангеловска, Билјана Белогаска







**Извештај од изведената тродневна научна- наставна екскурзија низ Западна Македонија со учениците од IXа,б одд**

**Време на реализација:** 25, 26 и 27.09.2019 година.

**Место:** Булачани – Велес – Прилеп - Битола – Охрид – Свети Наум - Струга - Кичево -Скопје.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители на IXа и IXб одд
- учениците од IXа и IXб одд

**Краток опис на патувањето:**

Тргнавме во раните утрински часови од пред училиштето во 08.00 часот со туристички автобус од Агенцијата – Кондор, Скопје. Од тука тргнавме преку Таорска клисура, покрај Велес до првата станица, археолошкиот музеј "Стоби", каде учениците се запознаа со историјата и културата на овој град. Потоа продолживме за Прилеп. Кога пристигнавме во Прилеп ја посетивме Могилата на непобедените, потоа направивме панорамско разгледување на центарот на градот. Во Прилеп пстанавме околу еден час и потоа се упативме кон Крушево каде учениците имаа можност да ја посетат спомен куќата на Тоше Проески и Македониумот но и да се прошетаат низ сокаците на Крушево. Преку Демир Хисар се упативме кон Битола со попатно разгледување на Пелагониската котлина. Во Битола учениците имаат поголема можност да ги посетат ископините на стариот град Хераклеа, и спомен собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Потоа имаа можност да го почувуваат живот на битолчани со прошетка по Широк сокак. По овој наппрен ден се сместивме во хотелот “Престол” во Охрид, а по вечерата ученицете имаа организирана забава во хотелот.

Вториот ден после појадокот отидовме на прошетка низ градот Охрид. Прошетката започна со посета на црквата “Св. Софија” и Амфитеатарот, потоа се упативме кон црквата “Св. Јован Канео” и Плаошник, а заврши со

разгледувањето на Самуиловата тврдина. Во градот имавме половина час слободно време кое учениците го искористија за разгледување на чаршијата. По ручекот во хотелот, во попладневните часови отидпвме на прошетка во манастирот “Св. Наум” и изворите на реката Црни Дрим. За учениците оваа посета беше интересна со тоа што секој од нив го слушна чукањето на срцето на “Св. Наум”. Нашето патување го продолживме по поднпжјето на планината Галичица со панорамско разгледување на националниот парк, Наколна населба, Градиште и Охридското езеро. Попатно ја разгледавме и туристичката населба Трпејца и Љубаништа.

По вечерата учениците имаа организирана забава во хотелот.

Третиот ден после појадокот беше предвиден претпладневен излет до Струга каде се прошетавме низ чаршијата, го посетивме истекот на реката Дрим од Охридското езеро, ја посетивме куќата на Миладиновци и Природно Научниот Музеј во Струга. Потоа се вративме во хотелот за ручек, по краток одмор тргнавме за Скопје со попатна пауза на превојот Стража.

Пред училиштето стигнавме во доцните попладневни часови.

Сите среќни и задоволни но и малку уморни имаа за што да раскажуваат наредните денови.

Одговорен наставник: Ивица Петрушевски







Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, дводневната научна екскурзија за учениците од VI одделение, настава во природа за учениците од V одделение и еднодневниот пролетен излет не се реализираа поради пандемијата КОВИД-19.

**Производствена и друга општествено – корисна работа**

Целта на овој вид ,,работа,, е да се развива позитивен однос кон работата воопшто, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство,

да се придонесува за правилно сваќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.
Во текот на годината беа спроведени следниве акции:
- Естетско уредување на училиштето и училишниот двор,
- Изработка на новогодишни украси,
- Украсување на учлниците и ходниците во чест на Нова година,

**Ученички организации**

Планираните активности на детската организација за овој период се реализирани.Членовите на организацијата беа вклучени во одбележувањето на значајни настани и празници ( Денот на независноста и самостојноста на РСМакедонија, Детската недела, Светскиот ден на мирот, 11 Октомври, 24 Октомври – денот на ОН, Денот на толеранцијата, Прием на првачиња во ПЦК ).

**Активности од детската организација**

Одговорен наставник - Игеска Каменка

Нашето училиште и оваа година учествуваше на однапред планирани активности за развој на психофизичкиот, емоционален и друштвен развој за подобро прилагодување и поуспешна настава кај најмладите ученици првачињата.

- На почетокот на годината септември 2019 со пригодна програма се реализираше приемна приредба во чест на првачињата изведена од страна на учениците од другите одделенија. Со тоа се поттикна ведро расположение кај првачињата.

- паралелно на тоа беа избрани членови на детскиот парламент од страна на учениците.

- Во месецот на децата Октомври 2019 и неделата на сите деца во светот со посебна чест првачињата (со посебна пригодна претстава)влегоа во Детската организација . Првачињата се почувствуваа дека припаѓаат и се дел од целата група на ученици во која нивните права секогаш ќе бидат почитувани.

- Во месец Ноември 2019 беше изведена акција ,,Како да му помогнам на моето другарче,, - будење на хуманитарна свест кај учениците. Учениците собираа стара облека и притоа со неколкукратни разговори и објаснувања се разви поголема хумана свест и сфатија дека подавањето помош на немоќните не прави поголеми личности и со тоа придонесуваме за поголем развој на поуспешно општество.

**Извештај од активностите на ПЦК**

Одговорен наставник - Биљана Белогаска

Полугодишната работа на ПЦК се одвиваше во неколку етапи од самиот почеток кога се и првите подготовки за нејзината работа па и понатаму со нејзина реализација.
Во септември беа реализирани овие активности:
14 – 21 септември „Недела за борба против ТБЦ - преку предавање,
16 – 22 септември „Недела на младите на Црвениот крст“.
Следеа акции во октомври како

„Весела контрола“ (хигиена),
„Најдобро уредена училница“,
Акција за чистење и грижа за зеленилото во училишниот двор.
Во ноември се реализираше предавање на тема
„Месецот за борба против пушењето,алкохолот и наркоманијата“.
Во декември 01- 07 „Недела на борба против сидата“ како и предавање за
„Заштита на забите“
Во февруари одржување на хигиената на ходниците,дворот.
Во март „Недела во борба против ракот“(1-7)-предавање
„Ден на крводарителство во Р.М.(17 март)
Во април „Меѓународен ден на здравјето“(7 април)-предавање
Во мај „8 Мај Светски ден на Црвениот крст“
Во јуни акција на собирање на стари учебници

**Активности на ученичката заедница на училиштето**

| Реден бр. | Планирани активности (согласно Акцискиот План) | Реализирани активности (краток опис) | Временска рамка | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Конституирање на ученичките заедници на паралелките | Одделенските раководители на првиот одделенски час ги потсетуваат учениците за правилата на избор на раководство на УЗ во паралелката | септември | 360 |
| 2 | Избор на раководство на ученичката заедница во паралелката | Согласно правилата, со поддршка на доволен број соученици, кандидатите за претседател на паралелката се претставуваат и по пат на тајно гласање се распределуваат функциите за раководство на паралелката | септември | 360 |
| 3 | Избор на раководство на УЗ: претседател, комисии за КЈД | Изборот на претседател и конститутивното тело на Парламентот се спроведува на првата седница, по пат на тајно гласање. На истата седница директорот ги запознава учениците со работата и обврските на | октомври | 18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Училишниот парламент | | |
| 4 | Дефинирање на улогата и одговорноста на УЗ | На втората седница на Училишниот парламент, детално се дефинира улогата на истиот и се запознаваат учениците со акцискиот план | октомври | 13 |
| 5 | Запознавање со програмата на ученичката заедница | На втората седница на Училишниот парламент, детално се дефинира улогата на истиот и се запознаваат учениците со акцискиот план | октомври | 13 |
| 6 | Договор за приредба по повод прием на првачињата во Детската организација | Учениците од I до IX одделение заедно со одговорните наставници организираа свечена приредба за прием на првачињата во Детската организација | октомври | 30 |
| 7 | Одбележување на Детската недела | Детската недела беше одбележана со низа креативни активности- цртежи и песни, на ниво на одделенија и преку работилници за правата на децата | октомври | 50 |
| 8 | Договор за учество на поетски и ликовни конкурси за 13 Ноември | Празникот 13ти Ноември беше одбележан со учество на ликовен конкурс | ноември | 15 |
| 9 | Разговор за тековни проблеми | Се разговараше за техники на учење за да се пдобри успехот на учениците | ноември | 48 |
| 10 | Договор за посета на Златно славејче | Учениците од I до V одделение присуствуваа на детскиот фестивал Златно славејче со класните раководители | ноември | 225 |
| 11 | Предавање по повод Недела за борба против сидата | Црвениот Крст на Гази Баба ги одржа овие работилници со учениците од 8 и 9 одделенија. | декември | 72 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Активности за подобрување на естетскиот изглед во училницата | Во пресрет на новогодишните празници, учениците во рамките на вонаставните активности изработија украси за своите училници | декември | 150 |
| 13 | Договор за организирана забава по повод Нова година | Секое одделение, заедно со одделенскиот раководител организираше Новогодишна забава со цел дружење и негување на другарството | декември | 360 |

## Извештај за посета на СОС Детско село - донација на персонален компјутер

Како дел од активностите на Ученичката заедница, Ученичкиот парламент на ООУ„ Наум Охридски“ едногласно одлучи да се спроведе хуманитарна акција со цел да се помогне на семејствата од СОС Детското село. По успешно спроведената акција, се купи персонален компјутер,кој беше однесен од страна на Директорката,одговорниот наставник за УЗ, двајца родители, хаус-мајсторот на училиштето и 6 деца- претставници од Парламентот.
Нашите претставници беа топло пречекани од семејството во Детско село, нашите ученици му помогнаа на своето другарче да го монтира и намести компјутерот, а тој во знак на благодарност ги почасти со слатки. Во моментот во куќата имаше само едно дете, но компјутерот ќе им служи вкупно на 4 деца кои живеат во куќата.
Благодарни за соработката, службата на Детско село, искажа заинтересираност за понатамошна соработка.




Genius
KB-M200
ASUS MiniPC PN
AOC
E2270Sw
BLOK





Одговорен наставник: Весна Димитровска

**Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците**

Во училиштето тековно се реализираат активностите предвидени со програмата за грижа на училиштето за здравјето на учениците.

На почетокот на учебната година, на родителска средба, родителите беа запознаени со можноста за осигурување на учениците, кое се изврши на доброволна основа за сите ученици од училиштето.

Беа организирани неколку предавања за одредени заразни болести:

- **жолтица**, на почетокот на учебната година ( септември)
- **туберкулоза**, како одбележување на неделата за борба против туберкулозата. (септември)
- **грип**, со почетокот на сезоната на грип за покачување на свеста на учениците за начините на пренесување и заштита од вирусите кои предизвикуваат грип. (ноември- декември)
- **СИДА**, одбележување на Светскиот ден за борба против сидата, 1- ви декември.

Одделенските раководители посветија внимание и на подобрување на здравјето на учениците:

- дискусија за „Умерена и разновидна исхрана-важна за здравјето на учениците" одбележување на 16 Октомври: Светски ден на храната (октомври)
- дискусија:„ Витамините-дополнителни и заштитни материи по човековото здравје" (декември)
- предавање на тема: „Пушењето,алкохолот и дрогата се штетни по здравјето" (ноември)

Се обрна внимание и на подигнување на здравствено воспитување со што се допринесе во изградување на здрава личност (психички, физички и социјална) способна да се грижи за своето здравје и здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница, за таа цел се одбележа 6 Октомври: Светски ден за грижа за старите лица со посета на некои од најстарите жители од месните заедници и разговор со нив за потребите кои ги имаат, а за кои можат да помогнат учениците од училиштето.

Учениците од 7 до 9 одделение се вклучени во ученички фудбалски и кошаркарски тимови со кои редовно учествуваат на меѓуучилишните натпревари на ниво на општина.

Една од целите на еднодневниот излет, кој изведе во октомври, беше организирање на одредени физички активности кои би ја подобриле здраствената состојба на учениците.

Во училиштето има Комисија за следење на заразни болести која има изработено План за следење на заразни болести, според кој ќе се дејствува доколку се појави некоја заразна болест меѓу учениците.

27.02.2020 - Предавање, совети и препораки како да се превенира Корона вирусот.

**Извештај за систематски прегледи кај учениците**

Учениците од училиштето редовно имаат систематски прегледи и се имунизираат според планот на Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи кое праќа покани до училиштето, а учениците заедно со одделенските раководители се придржуваат кон тие термини:

- прво одделение - систематски преглед и вакцинација –08.11.2019,
- второ одделение – вакцина – 25.12.2019,
- трето одделение- систематски преглед и вакцинација – 25.12.2019,

Во училиштето се изведуваат активности за едукација за орално здравје преку организирани работилници на тема: „Градба и функција на орална празнина" и

„Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери„, како и превентивна стоматологија на покана од Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија според нивниот распоред:

- Петто оделение: стоматолошки преглед - залевање на заби- 13.12.2019,
- Седмо оделение: стоматолошки преглед и залевање на заби- 16.09.2019,
- Трето одделение: систематски стоматолошки преглед – 10.03.2020,

Согласно препораките на Владата, Комисијата за заразни болести во периодот на пандемијата беа откажани сите планирани прегледи кај учениците.

**Стручно усовршување на наставно – воспитниот кадар**

Наставниците ги посетуваа семинарите организирани од МОН и БРО и од УСАИД кои ќе придонесат за изведување на поквалитетен воспитно – образовен процес. Во текот на годината наставно – воспитниот кадар ги посети планираните семинари и тоа.

Тема – Обука за ,,Тандем,, настава во прво одделение по физичко и здравствено образование

Време: 16.09.2019

Учесници – наставници во прво одделение

Тема – ,,Критичко размислувањем решавање на проблеми и кодирање,, - дисеменација – Соња Рулеска, Маја Крстеска, Даниела Димишкова, Мирјана Иванова

Време: 21 – 23.08.2019

Учесници – сите вработени

Тема – ,,Зајакнување на капацитетите на училиштата за инклузивно образование,,

Време: 18 – 20.11.2019

Учесници – сите вработени

Тема - Конференција за образованието по математика, физика и сродни науки

Време: 27-28.09.2019

Учесници - Даниела Димишкова, Маја Крстеска

Тема - ,,Образование за сите – јазик за сите во училиште,, - конференција – на тема ,,Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје (Светска здравствена организација 2001)

Време: 15.11.2019

Учесници – Маја Крстеска, Даниела Димишкова, Игор Дичоски, Елизабета Синделиева, Маја Станковска,

Тема - Конференција на високо ниво: Проширување на акцијата за ставање крај на насилството врз децата на Западен Балкан ,,За Секое Дете Надеж,,

Време: 29.11. 2019

Учесници – Елизабета Синделиева, Игор Дичоски,

**Работа на стручните органи и тела**

Работата на стручните органи и тела се остварува според направената програма. Во текот на годината одржани се седници на Одделенскиот совет и на Наставничкиот совет.

На седниците на **Одделенскиот совет** беа разгледувани прашања од воспитно – образовната работа во училиштето. Особено се даде акцент на успехот и поведението на учениците и насоките за нивно подобрување.
На седниците на **Наставничкиот совет** покрај разгледувањето на успехот и поведението на учениците беа разгледувани и тековните прашања во врска со организацијата на воспитно – образовниот процес. Овој стручен орган во текот на учебната година ќе работи на полето на:
- организација на воспитно-образовната дејност,
- планирање на воспитно-образовната дејност,
- унапредување на наставата, стручно усовршување на наставниот кадар,
- разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно - воспитниот процес во училишето,
- редовно водење на педагошка евиденција и документација

Воедно беа презентирани и сите информации кои беа доставени од МОН и од БРО, како и дискутирано беше по сите прашања во врска со кои наставниот совет требаше да се произнесе во писмена форма кон МОН и БРО.
Согласно препораките на Владата, Комисијата за заразни болести и МОН во периодот на пандемијата од 11.03.2020 до крајот учебната година состаноците на одделенските совети и наставничките совети се одвиваа преку средствата за електронска комуникација преку видео конференциската платформата ZOOM.

**Стручни активи**

Во училиштето работат следните активи:
- Стручниот актив на одделенска настава
- Стручниот актив на природно – математичка група предмети
- Стручниот актив на општествено – јазична група на предмети
- Стручен актив на техника, спорт и уметност

Во работата на стручниот **актив одделенска настава** се вклучени сите наставници од одделенска настава.

Активот на одделенските наставници од ООУ Наум Охридски с. Булачани и подрачното училиште во с. Црешево и с. Раштак работи успешно со успешна реализација на сите досегашни планирани активности и часови.
Претседателот на Активот на одделенски наставници - Теодора Димовска истакна дека во оваа учебна се реализирани сите предвидени содржини од програмата за работа на стручниот актив. Се реализираа отворени часови по сите наставни предмети и се придонесе за унапредување на наставата преку примена на современи наставни форми, методи, средства и техники за работа. Особено значајна е примената на Смарт таблите во наставата од I – V одд. по сите наставни предмети. Се истакна дека учениците од IV и V одд. учествуваа Општинскиот и Регионалниот натпревар по математика , информатика и природни науки. На овие натпревари учениците имаа освоено второ, трето место и пофалници за покажаниот успех .
Одговорен на активот – Теодора Димовска

Стручниот актив на **природно – математичката група** предмети во текот на учебна година работеше според предходно изготвената програма за работа.

Во месец август се одржаа првите состаноци на активот во просториите на ООУ “Наум Охридски” с. Булачани, на кои се изврши разгледување и анализа на постигнатите резултати по природна група предмети во претходната учебна година, како и усвојување на програмата за работата на стручниот актив на природно – математичката група предмети. На состанокот присуствуваа сите членови на стручниот актив. Беше договорен сериозен пристап кон работата и превземање на соодветни одговорности од страна на секој член на активот. Беше нагласено, во сите наставни предмети, да се зголеми пристапот до компјутерите и користењето на информатичко компјутерските технологии. Како значајна цел за работата на активот, во оваа учебна година, беше назначено подобрувањето на оценувањето, со цел да се подобри квалитетот на учењето.

Во месец септември се одржаа следните два состаноци на стручниот актив на кои се изврши ревидирање на дневните подготовки, како и поставување цели за ученици со ПОП. Во истиот месец беше одржано стручно предава ње на тема: Како да се поттикнува и развива критичкото мислење кај учениците, од страна на наставникот по математика Даниела Димишковска. Во месец септември беше одржан нагледен час – Практична примена на Micro -bit во наставата по математика од страна на предметниот наставник по математика Даниела Димишковска.

Во месец октомври беше одржан нагледен час по геграфија од страна на наставникот Нада Лазаревска . На овој час се покажаа предностите и позитивните страни од користењето на активна настава со примена на ИКТ.

Во ноември месец се изврши анализа на постигнатиот успех на учениците во првото тримесечие по природната група предмети. Во истиот месец се одржа и нагледен час - практична примена на методите на активна настава со примена на ИКТ: Micro -bit во наставата по биологија од страна на наставникот по биологија – хемија Соња Рулеска.

Во месец декември се реализира час по физика од страна на наставникот Маја Крстеска. Овој час се реализираше со практична примена на методите на активна настава со примена на ИКТ: Micro -bit во наставата по физика.

Во месец февруари се реализираа училишните натпревари, како и општинските натпревари по математика и биологија.

Во месец март се изврши согледување на постигнатите резултати од реализираните општински натпревари.

Во месец април и мај, активот продолжи со својата работа, но состаноците беа одржувани on-line и на истите се дискутираше за начинот на реализирање на on-line наставата за природно – математичката група предмети.

Во месец јуни се изврши утврдување на успехот и постигањата на учениците на крајот на учебната година, планирани и реализирани часови.

Согледување на добрите страни и евентуалните пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата.
Одговорен наставник: Маја Крстеска

Стручниот **актив на Општествено – јазична група предмети** го сочинуваат соодветни предметни наставници кои ја започнаа својата работа со претходно изготвена програма.

Во текот на учебната година Стручниот актив на општествено-јазична група на предмети одржаа неколку работни средби.

На состанокот одржан во месец август беа разгледани предложените активности и се дискутираше за изминатите активности.Беше избран одговорен наставник за активот за тековната година.Потоа се даваат предлози активности за новата учебна година.

На вториот состанок во месец септември се изработи годишната програма за работа на активот со активности кои се планираат за оваа учебна година.Нагледните часови беа распределени по месеци.Секој наставник избра наставна содржина ,ги кажа своите цели, времето ,содржината,ресурсите и очекуваните ефекти од тој час.

Во месец септември,октомври,ноември и декември беа одржани нагледни часови по одредени предмети.Часовите беа посетени и проследени со дискусија.На часовите беа користени компјутери во наставата и други аудио-визуелни помагала ,различни форми,методи и техники на работа ,како и различни форми и методи на следење и оценување на напредокот на учениците.

Од 11.03.2020 до крајот на учебната година се реализираше on-line наставата со електронските платформи. По елктронски пат учебната година беше завршена со учениците на 10 Јуни
Одговорен наставник: Златка Панчевска

Стручниот **актив на техника, спорт и уметност** го сочинуваат соодветни предметни наставници кои ги реализираа своите активности согласно својата програма. Активностите кои беа планирани и реализирани во текот на првото полугодие ги исполнија очекувањата и на наставниците и на учениците. Наставниците членови на стручниот актив реализираа нагледни часови на теми кои беа интересни за учениците и наставниците.

Активностите се реализираа во целост онака како што беше планирано со мали поместувања и исклучоци во однос на условите и потребите.

Сите превземени активности имаа позитивно влијание во подобрување на климата за работа кај учениците и наставниците, а сето тоа дава поттик за понатамошна работа. Овие активности кај учениците го развиваат натпреварувачкиот и спортскиот дух. Учениците спроведоа активности за изработка на новогодишни украси, украсување на училниците и холовите.

Во однос на пошироките активности наставниците со групи на селектирани ученици се подготвуваа за активностите кои што беа реализирани во и надвор од училиштето. Учениците со своите ментори учествуваа во низа спортски активности на ниво на училиште, општина.

Согласно ново-настанатите прилики состанокот на активот се одржа преку Zoom платформата на која беа присутни сите членови.

Сите состаноци на Активот беа реализирани према направеното планирање. Состаноците на Активот за месец март, април и мај се одржаа преку Zoom платформата како единствен начин и можност за реализација на планираните работни активности. При планирањето на активностите на активот за овие месеци имаше измени во начинот на реализација. Но целта беше постигната. Комуникацијата со учениците се одвиваше непречено, планираните содржини се реализираа на еден поинаков начин.

Работата преку овие две платформи Zoom платформата и Google classroom платформата се ново корисно искуство и за нас како наставници и за учениците.

Одговорен наставник: Ивица Петрушевски

Во периодот од 11.03.до крајот на годината поради пандемијата состаноците на активите се одвиваа преку видео конференциската платформата ZOOM.

**Активности на психологот**

Психологот во рамките на својата програма ги реализира планираните задачи за овој период. Стручната работа на психологот е целосно испланирана како по подрачја така и по месеци и истата се реализира на тој начин. Уредно и навремено се изработени анализите на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие и на крајот на првото полугодие. Истите беа презентирани пред наставничкиот совет и наидоа на максимално внимание од страна на присутните по што следеше исцрпна дискусија.

Советодавната работа со учениците кои покажуваа неадаптирано поведение беше реализирана во континуитет и таквите случаи се следени. Контактите со родителите се одвиваа со спонтана динамика и тоа со оние родители чии деца манифестираа дисциплински проблеми како и проблеми со успехот во учењето. Кај дел од овие случаи проблемите се лоцирани, согледани, од што се очекува подобрување на однесувањето и успехот на учениците. Педагошката евиденција се води редовно и уредно.

Советувањето на родителите се реализира согласно поставените законски одредби - по завршувањето на првото тромесечие, по завршувањето на првото полугодие. Повикани беа родители на оние ученици кои имаа три и повеќе негативни оценки. како и оние родители чии деца имаат повеќе изостаноци.

Советувањето на учениците се реализира согласно поставените законски одредби - по завршувањето на првото тромесечие, по завршувањето на првотто полугодие. Повикани беа оние ученици кои имаа три и повеќе негативни оценки и оние кои имаа повеќе изостаноци.

Во доменот на педагошко – инструктивната работа беа посетени наставници на час за што се изготвени и протоколи. Од увидот во дневните подготовки сознанијата се дека одговорноста и уредноста кај наставно – воспитниот кадар задоволува.

Психологот е активно вклучен во активностите за реализација на проектите кои се работат во училиштето. Проектот Интеграција на еколошката едукација

во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Воедно за истиот се планирани и активности надвор од наставата во кои е вклучен и психологот.
За активностите за проектот Меѓуетничка интеграција во образовниот систем беше изготвена програма која се реализира тековно и е инкорпорирана во наставните содржини. Воедно испланирани се и активности надвор од наставата со партнер - училиштето. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од стана на психологот и директорот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа. За потребите на овој проект психологот е во тимот кој беше на семинари за негова реализација.
Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот Намалување на насилството – како да се сменат нештата одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.
Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.
Во наставата беа планирани активности со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.
Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.
Во врска со активностите за проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците изготвена е програма согласно напатствијата дадени од МОН. Планираните заеднички активности се реализирани во соработка со учениците, наставниците и родителите.
Соработката со патронажниот дефектолог е активна и континуирана. Дефектологот доаѓаше во училиштето по претходно направен распоред за посета и се работеше на полето на идентификација и евиденција на учениците кои имаат наод и мислење од соодветна стручна институција, опсервација на учениците со посебни потреби, разговор со наставници и родители и др. За потребите на учениците контактирани беа Заводот за ментално здравје, Центарот за социјална работа.
Оваа година за прв пат е воспоставена соработка со Министерството за труд и социјална работа каде што службата е вклучена во ажурирање податоци за своите ученици за добивање образовен додаток.
Увидот во водењето на педагошката документација и евиденција – одделенски дневници се врши континуирано.

Контактите со МОН и БРО се одвиваа согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа.
Во периодот од 11.03. до крајот на учебната година активностите на психологот се одвиваа преку електронските платформи Zoom, Google classroom, Viber.

**Извештај за работа на дефектологот**

Согласно сопствената програма за работа, беа реализирани следниве содржини и активности за првото полугодие и трето тримесечје од оваа учебната година:

- Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците.
- Изготвување на педагошки профил на ученикот со ПОП.
- Индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо-моторното и социо-емоционалното функционирање.
- Корекција и компензација на развојните потешкотии и пружање непосредна помош во учењето.
- Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата, напредокот и постигањата на учениците со ПОП.
- Советодавно- инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии и социјална наприлагоденост.
- Проценка/идентификација на образовните потреби на ученицитена едукативните потреби.
- Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето.
- Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот.

- Помош и поддршка на наставниците при, дефинирање на воспитно-образовните цели во изготвувањето на индивидуални образовни планови.
- Стручна помош на наставниците при зготвување на индивидуализирани инструменти за проверка на знаењата на учениците со ПОП.
- Реализација на предавања од областа на дефектолошката теорија и пракса.
- Давање поддршка и инструкции на родителите на учениците со ПОП за работа во домашни услови.
- Советодавна работа со родители (решавање на воспитни и други проблеми).
- Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми.
- Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа.
- Изготвување личен план за професионален развој.
- Увид и анализа во долгорочниот, среднорочниот и краткорочниот ИОП како и изготвување на извештај од примената на ИОП-от.
- Реализација на онлајн настава, преку користење разни видови платформи.
- Постојана комуникација со родителите на децата со ПОП и давање насоки за полесна реализација на наставните задачи и полесно прифаќање на

новонастанатата состојба преку разни активности кои се прифатливи од страна на учениците.

| Реалиизирана активност | Постигнати цели | Време | Извори-ресурси | Исходи-ефекти |
|---|---|---|---|---|
| изработување на сопствена годишна програма за учебната 2019-2020 година | Изработена годишна програма | Август | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Професионален развој |
| *координација за изработка на годишна програма за работа на инклузивен тим;<br>*изработување на годишна програма за работа на инклузивен тим | Изработена годишна програма;<br>-подобрена<br>инклузија | Август | прибирање на релевантни податоци потребни за изработка на годишната програма за работа на инклузивен тим | Постигнување на подобри резултати<br>Следење на психомоторниот развој кај учениците со посебни образовни потреби |
| Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето | изработка на годишна програма | Август | Годишни програми од претходни учебни години, годишен извештај, | Професионален развој |
| Подготвување на педагошка документација и евиденција | изработен ИОП,<br>-следење на напредокот и постигнувањата на учениците со поп | континуирано | -разговор<br>-прашалници<br>-опсервација | Јасно одредени силни и слаби страни на ученикот |
| Идентификување на ученици со попреченост | идентификување на ученици со ПОП | септември | опсервација<br>-разговор | Изготвени планови,насоки,препораки за поддршка на учениците во учењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Адаптирање на нови ученици(Помош на учениците од прво одделение во адаптирање на училишната средина) | брзо прилагодување во училишната средина и полесна комуникација | Континуиран о | опсервација<br>-разговор | Прилагодување на учениците во училишната средина |
| Дефектолошка дијагностика на ученици со ПП(проценување на индивидуалните способности и потенцијали<br>- изработување на ИОП со примена на диференциран пристап) | -процена на индивидуалнит е потенцијал<br>-правилно дефинирање на целите за изработка на ИОП | Континуиран о | модели на ИОП<br>-аналитички листови<br>-стручна литература | Вклопеност на учениците со ПОП во наставата, успешно совладување на целите на наставата |
| Индивидуална работа со учениците со ПП и потешкотии во учењето(вежби за реедукација на психомоторика,<br>-вежби за говорно-јазична оспособеност (дислалија,дислекси ја, дизграфија)<br>-дискалкулија<br>-вежби за внимание и концентрација<br>-примена на целите содржани во ИОП,артикулационе н тест<br>-диференциран пристап | подобрување на психомоторнит е способности,<br>-подобар успех во усвојување на наставните содржини | континуиран о | -ИОП<br>-обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето | Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот |
| Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и | Запознавање и примена на специфичните методи на работа со | континуиран о | Стручна литература | Изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуализирани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци | учениците со пп | | | планирања |
| Неформални средби со наставниот и друг кадар и разговор по поединечни прашања или тешкотии | Да се зголеми соработката помеѓу кадарот во училиштето ,договор за заеднички и индивидуални активности. | континуиран о | Консултации ,размена на искуство,идеи,пр едлози | Размена на сознанија и информации значајни за работата<br>Унапредување на воспитно-образовниот процес |
| Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), Општина Гази Баба | Да се добие дополнителна сручна помоши подршка<br>Да се разменат искуства идеи како и соработка во активности по одредени содржини | континуиран о | консултации<br>-размена на искуства | Унапредување на воспитно-образовниот процес |
| **Обуки и семинари:**<br>Зајакнување на капацитетите на училиштата за инклузивно образивание | -збогатување на знаењата за работа со учениците со ПОП<br>- методи алатки и техники за работа со ученици со пречки во развојот | 10.12.2019<br>11.12.2019<br>12.12.2019 | -power point презентација<br>-прирачник | Проширени знаења на наставниците |
| Примена на стандардите за оценување на учениците (формативно и сумативно оценување и објективни и есејски | Запознавање со стратегиите и методите за формативно и сумативно оценување, согледување на врската меѓу оцената и | 05.10.2019 | Материјали, планирања на наставниците | Надградување на знаењата на наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| прашања) | нивоата на знаење и користење на различни методи на оценување при изведување на оценка за конкретен предмет | | | |
| Работилници:<br><br>3ти Декември – Ден на лицата со попреченост | Запознавање на учениците со различните видови на попреченост, прифаќање на ваквите лица и рушење на бариерите.<br><br>Запознавање со знаковниот јазик, и неговата употреба во секојдневниот живот | 03.12.2019 | речник на знаковен јазик<br><br>наставни ливчиња<br><br>индивидуализирани ресурси | Вклопеност на учениците со ПОП помеѓу останатите ученици, социјализација |
| Одбележување на денот на розевата маица | Подигнување на свеста кај учениците за спротиставување на секаков вид насилство и спречување на насилството меѓу врсниците во училиштето | 26.02.2020 | пораки против врсничко насилство | подобрување на климата во училиштето |

**Специјален едукатор и рехабилитатор: Ана Тасевска**

## Извештај на инклузивниот тим

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Формирање на тим за инклузија на учениците со ПОП<br>-Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија<br>-Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со ПОП | Креирање на политика за работа со ученици со посебни образовни потреби | Август | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Успешна реализација на планираните активности |
| Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br><br>Разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје) | Евиденција на учениците со ПОП | Септември | прибирање на релевантни податоци потребни за работа на инклузивен тим | Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост<br>Изготвена база на податоци за ученици со ПОП |
| Примена на инструменти за опсервација и дијагностика | Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците | Во тек на годината | Чек листи<br>Листа за опсервација<br>Прашалници<br>Тестови за проценка | Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците Надминување на пречките кајучениците со ПОП и нивна успешна инклузија во образовниот систем |
| Изработка на индивидуални образовни планови(долгорочни, среднорочни, краткорочни) за работа со | Индивидуализирање и прилагодување на наставните | Октомври | модели на ИОП<br>-аналитички листови | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учениците со ПОП<br>Примена на диференциран пристап во работата | содржини согласно способностите на учениците<br>Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | | -стручна литература | Повисоки постигања на учениците |
| Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференцирен пристап | Непосредна работа на дефектологот со учениците со ПОП | Во тек на годината | ИОП<br>-обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето | Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план<br>Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот |
| Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби | Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок. | Во тек на годината | Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес | Стабилни социјални компетенции, усвоени социјални знаења и развиени социјални вештини<br>Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Активно и успешно учество на учениците со ПОП во социјалниот живот<br>Развивени позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби |
| Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови | Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Во тек на годината | Индивидуални инструменти, алатки, тестови | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови<br>Користење на инструменти за следење и вреднување | Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП после секој квалификационен период | Ноември | Индивидуални инструменти, алатки, тестови | Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП |
| Спроведување на интерни обуки за наставниците за | Јакнење на капацитетите | | -Материјали, планирања на | Зајакнати компетенции |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| работа со ученици со ПОП | на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа | Во тек на годината | наставниците<br>-консултации<br>-размена на искуства | на наставниците за работа со ученици со ПОП |
| Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес<br>Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП<br>Анализа на вклученоста на учениците со ПОП во воннаставните активности<br>Примена на парапрофесионални методи-врсничка асистенција<br>Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици | Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето | Во тек на годината | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса<br>Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со ПОП | Развиена свест за потребите на учениците со ПОП, позитивна атмосфера и толеранција<br>Подобрување на социјализацијата на учениците со ПОП<br>Поголема вклученост во воннаставни активности<br>Ученичка/врсничка поддршка за учениците со ПОП |
| Евалуација на активностите предвидени | Утврдување на јаки/слаби | | ИОП Индивидуалн | Изготвен извештај за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби<br>Сумирање на активностите на УИТ | страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови<br><br>Креирање стратегии за унапредување на инклузивното образование во училиштето | Во текот на годината | и инструменти, алатки, тестови | работата на УИТ за учебната 2019/20год.<br>Изготвување на развоен план за работа со овие ученици<br><br>Анализа на инклузивната култура и пракса во училиштето |

Во периодот од 11.03.2020 година па до крајот на учебната година, Училишниот инклузивен тим имаше комуникација преку видео конференциска платформата ZOOM со родителите на децата со ПОП и даваше насоки за полесна реализација на наставните задачи и полесно прифаќање на ново-настанатата состојба преку разни активности кои се прифатливи од страна на учениците.

**Извештај за работата на педагогот**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

**2. Работа со наставници**

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците
-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник-родител
-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.
-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење
-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови
-Присуство на нагледни часови
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

**3. Работа со родители**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој
-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Современ педагог”
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот во првото тромесечие и полугодие.

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава

- Учество во изготвување на полугодишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“

-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава

-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности

-Следење на постапките на оценување на учениците

-Следење на успехот и редовноста на учениците

-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;

-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;

-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини

-Водење хронолошки дневник за работа

-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница

-Водење педагошки картон за работата на наставниците

-Водење професионално досие на наставниците

-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

Во периодот од 11.03. до крајот на учебната година активностите на педагогот се одвиваа преку електронските платформи Zoom, Google classroom, Viber.

**Акивности на библиотекарот - медијатека**
Во текот на учебната година беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвивдени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

- Воспитно – образовна работа со учениците;
- Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
- Културна и јавна дејност;
- Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:
- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексиконии и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

На крајот на учебната година бројната состојба на книжниот фонд со кој располага нашата библиотека е следнава:

Библиотеката е подредена по азбучен ред, лектири по одд, странски и домашни автори, проза и поезија, белетристика и стручна литература.

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно.Членовите учествуваа на конкурси, натпревари, организираа литературни читања, посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката. Библиотеката работеше според дадена годишна програма одобрена и заверена од директорот на училиштето.
Библиотекар: Златка Панчевска

**Преглед на работата на директорот**
Со својата работа директорот на училиштето настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја во сите воспитно образовни работа во училиштето. Заради тоа работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована врз следниве принципи: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. Административно-организациско подрачје
2. Педагошко-инструктивно подрачје
3. Раководење со училиштето
4. Соработка со средината

За реализација на планираните активности со годишната програма за работа на директорот се води уредна педагошка евиденција и документација.

**1.Подрачје: Административно-организациски задачи**

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии;
- Организација и учество во изработка на нормативни акти;
- Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање, реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;
- Донесување мерки за доведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Организирање на екскурзии;
- Организирање на ужинка на учениците;
- Набавка на: интерактивни табли, ЛЦД проектори, нови книги, наставни средства и помагала, репарирање на шкафчиња, униформи за технички персонал, канцелариски материјал и средства за хигиена, тековно одржување на ИКТ опремата;
- Осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени;
- Следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и маријално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот беше изготвен оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи. Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: комисија за спроведување на попис , комисија за јавни набавки, комисија за организирање на екскурзии, комисија за преглед на педагошка евиденција и документација, комисија за изработка на финален план за самоевалуација, комисии за спроведување на екстерното тестирање на учениците и други.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата. Во училиштето во с. Булачани се изработија на тавани од гипс картон со молерисување на таваните и молерисување и санација на сите простории во училиштата во с. Булачани, с. Црешево и с. Раштак, поплочување со бекатон во предниот дел од дворот и поставени жардињери со цвеќе, во

училиштето во с. Раштак беше обновена оштетената фасада. Во сите училишта беа набавени 4 интерактивни табли и 4 прожектори кои придонесоа за осовременување на наставата, беа набавени 20 компјутери за потребите на наставата, набавени беа и нагледни средства за потребите на наставата по Физичко образование и историја, набавени беа и нови лектирни изданија за учениците од I-IX одделение.

Задниот дел од дворот во с. Булачани е расчистен. Направен е потпорен ѕид со ограда и истиот е насликан. Во неговиот преден дел направени се трибини за публика и плато за изведување претстави и други настани. Поставени се клупи со канти за отпадоци и ставени се бетонски жардињери посадени со цвеќиња. На дел од просторот направена е цветна градина на која се засадени зимзелени дрвца и цвеќиња. Делот лево и десно од двете страни е озеленет и е направено катче за одмор и релаксација за учениците.

Дворот е озеленет со нови засади. Сите овие реновирања придонесоа за непречено започнување на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно – образовниот процес.

**2.Педагошко-инструктивно подрачје**

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето,
- Изработка на Програма за работа на директорот,
- Изработка на Годишна програма за работа на наставничкиот совет,
- Изработка на Годишна програма за работа на одделенскиот совет,
- Планирање и програмирањена увидите на редовната, дополнителната, додатната и изборната настава,
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови,
- Изработка на календар за работа на училиштето,
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми,
- Изготвување на План за професионален развој на наставниците,
- Учество во изработката на Анекс развоен план за учебната 2019/2020 год.
- Учество во изработка на Програма за екскурзии,
- Планирање и следење на реализација на самоевалуацијата на училиштето,
- Учество на состаноци, советувања и семинари за директори.
- Свикување на Ученичкиот парламент и постапување согласно барањата на ученичкиот парламент во рамките на можностите на училиштето;

Проектот Интеграција на еколошката едукација во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Исто така се работеше на имплементирање на содржини од проектот Меѓуетничка интеграција во Македонскиот образовен систем. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од страна на директорот и психологот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа.

Како и секоја нова учебна година има нов наставен кадар на кого му е неопходна стручна помош и насоки во работата. За таа цел беа назначувани

ментори на наставниците - приправници. Работата на менторите со наставниците – приправници се одвива во континуитет и истата е перманентно следена од страна на директорот и по потреба дадени се одредени препораки и сугестии од страна на директорот.
Во текот на оваа учебна година остварена е посета на часови на сите предметни и одделенски наставници. Со наставниците се водеше дискусија за унапредување на воспитно образовната работа и воведување на новитети. При посетите се користеше инструмент за следење на работата на наставниците.
Како една од посеопфатните и покомплицираните подрачја на работата следењето на воспитно-образовната работа и оваа учебна година се изведуваше континуирано од самиот почеток на учебната година низ:
- Следење на планирањата и подготовката на наставниците и стручниот соработник (следење на годишните, тематските и дневните планирања)
- Следење на работата на стручната служба, следење на работата на секретарот, домаќинот, сметководителот, техничкиот персонал;
- Планирање и подготовка на наставниците за реализација на настава;
- Посета на наставни часови;
- Следење, проверување и вреднување на успехот на учениците по класификациони периоди;
- Водење на соодветна евиденција и документација(протокали, евиденциони листови, анкетни листови);
- Следење на процесот на стручно усовршување на кадарот ( присуство на обукии семинари, вршење дисеминации, работилници по активи и сл);
- Учество во изработка на програмата за Меѓуетничка интеграција на образованието,,.
- Учество во изработка на програмата за ОХО проектот ;
- Учество во планирањата за проектот„Училишни градини – училница од иднината“;
- Водење професионално досие за психологот и педагогот на училиштето;
- Учество во водење на педагошки картон на наставниците;
- Укажување инструкции и континуирано следење на електронскиот дневник и ЕМИС во училиштето;
- Континуирано следење на одделенскиот дневник, главните книги.

**3. Подрачје: Раководење со училиштето**

- Застапување и претставување на училиштето,
- Спроведување на одлуките на органите на училиштетето,
- Следење и спроведување на плановите и програмите на наставниот кадар и стручниот соработник,
- Воведување на нова технологија и новитети,
- Организација, вреднување и надзор на работата на наставниот кадар,
- Следење на примена на ИКТ во наставата.

**Реализација на проекти**

Во текот на оваа учебна година во училиштето се реализираа следниве проекти:
- ОХО-проектот,

- Меѓуетничка интеграција на образованието,
- намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата,
- Училишни градини-училница од иднината,
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

**4. Подрачје: Соработка со средината**

Во текот на оваа учебна година остварени се повеќе средби со родителите на различни нивоа поединечни, групни и колективни. Средбите се остваруваа по иницијатива на родителите, оделенските раководители и на директорот. Беше зголемена и соработката со Советот на родители. Директорот учествуваше на сите седници на Советот на родители на кои заеднички беа решавани одредени проблеми како и успешно беа спроведени повеќе акции во кои беше вклучен и директорот. Овој начин на соработка ќе продолжи и понатаму.

Завидна е соработката на директорот и со локалната самоуправа, МОН, БРО, невладини, владини, културни и други институции. Како резултат на соработката со средината произлезени се бројни акции, предавања, натпревари, забавни игри во интерес на подобрување на работата на училиштето и надградување на личноста на ученикот во различни свери.

Училишниот одбор како орган на управување ги планираше и закажуваше своите седници со дневен ред кој произлегуваше од од потребите на училиштето. Одлуките беа донесувани согласно законите. Директорот беше присутен на сите седници на УО.

Соработката со други воспитно – образовни институции надвор од училиштето се одвиваше во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи.

Во периодот од 11.03. до крајот на учебната година активностите на директорот се одвиваа преку електронските платформи Zoom, Google classroom, Viber.

**Вклученост на семејствата во училиштето**

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта. Тргнувајќи од заедничките интереси на училиштето и родителите, училиштето им овозможува на родителите да се организираат и да дадат свој придонес во:

- Согледување на вистинските потреби, состојби и проблеми во училиштето.
- Преку доброволно (волонтерско) ангажирање да се вклучат во реализација на различни училишни активности во следните подрачја од работата на училиштето: настава, воннаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница и да дадат свој придонес според нивните можности, способности и интереси
- Да им помагаат на наставниците во работата со учениците во училиницата и училиштето
- Да организираат и да даваат поддршка на различни училишни акции, манифестации, училишни презентации, кампањи и сл.
- Активно да учествуваат во решавањето на различни проблеми во училиштето
- Да учествуваат во донесување на важни одлуки во училиштето.

Во периодот од 11.03. до крајот на учебната година вклученоста на родителите во активностите на училиштето се одвиваа преку електронските платформи Zoom, Google classroom, Viber, Messenger  електронска пошта и телефонски контакти.

**Активности на Училишниот одбор**

Училишниот одбор при ООУ,,Наум Охридски,, с. Булачани го сочинуваат седум члена: претставници од Наставнички совет се три члена, претставници од совет на родители се три члена и еден претставник од Локална самоуправа.

Училишниот одбор во текот на учебната година се состануваше според потребите или барањата на училиштето. Првиот состанок од изминатата учебна година се одржа август 2019 година. На состаноците редовно присуствуваа членовите каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Одредени членови земаа учество во изработката на некои правилници и комисии.

На состаноците беа донесени Правилници кои се потребни за непречено одвивање на наставните и вонаставните активнисти. На состаноците беа донесувани Одлуки за формирање на сите типови комисии за непречено функционирање на училиштето и кои се под ингеренции на работата на Училишниот одбор.

За сите промени што се случуваа во училиштето, за секоја работа што требаше да се направи во врска со вработените и учениците редовно беа известувани членовите на Училишниот одбор.

Како претседател на Училишниот одбор можам да кажам дека активностите успешно се реализираа, успешно завршија одредени работи поврзани со училиштето и надвор од него благодарение на воспитно-образовниот кадар и членовите на Училишниот одбор кои одговорно си ја сфатија и извршуваа својата задача. И понатаму верувам дека ќе продолжиме да работиме со истото темпо и навремено ќе ги извршуваме нашите дадени обврски.

**Седници на училишниот одбор**

| **Реден број** | **Содржина на седницата-Дневен ред** | **Време на одржување** |
|---|---|---|
| 1. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 126<br>• Донесување Одлука и усвојување на Програмата за работа на училишниот одбор;<br>• Донесување Одлука за усвојување на Деловникот за работа на Училишниот одбор;<br>• Одлука за измена и дополнување на Правилникот за работа на Училишниот одбор<br>• Донесување Одлука и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година;<br>• Информација за добиени учебници кои ќе се | Август 2019 |

| | | |
|---|---|---|
| | користат во учебната 2019/2020 год.,<br>• Донесување одлука за одоворни наставници за продолжување на акцијата на ПАКОМАК за собирање на секундарни суровини<br>• Донесување Одлука за посета на семинари;<br>• Информација за разгледани документи и поднесени барања за издавање на простор на фолклорни друштва кои ќе одржуваат играорна и училишни центри кои ќе одржуваат курс по англиски јазик<br>• Информација за активности што се превземени во текот на летото;<br>• Предлози и прашања. | |
| 2. | • Читање и усвојување на записникот од предходната седница број 127<br>• Донесување на Одлука за кооптирање на нови членови во Училишниот одбор;<br>• Информирање на членовите на Училишниот одбор со законските измени согласно Законот за основно образование(Сл. Весник 161 од 05.08.2019);<br>• Разгледување на Одлуката од Советот на општина Гази Баба за разрешување на членот од Локалната самоуправа Андријана Димовска;<br>• Одлука за избор на членови за во комисија за разгледување на документи за осигурување на учениците;<br>• Давање одобрување за изведување на тродневната научна екскурзија и еднодневен есенски излет;<br>• Донесување Одлука за користење на мобилни телефони за службени цели;<br>• Информација за продолжен престој за учениците од I до III одделение;<br>• Информација за ужинка;<br>• Информација за спроведените активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања; | Септември 2019 |
| 3. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 128<br>• Одлука за кооптирање на нов член од Советот на родители за во Училишниот одбор<br>• Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на тродневна научна екскурзија со учениците од деветто одделение со оценк за квалитетот на дадените услуги,<br>• Известување за осигурување на учениците<br>• Предлози и прашања. | Септември<br><br>2019 |
| 4. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 129<br>• Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на еднодневен есенски излет со оценка за квалитетот на дадените услуги,<br>• Одлука за промена и надополнување на Планот за Јавни набавки за 2019 година, | Октомври<br><br>2019 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Известување за осигурување на основни средства (градежни објекти и опрема)<br>• Донесуавње Одлука за отпочнување на постапка за донесување на нов Статут на училиштето,<br>• Донесување Одлука за посета на Директорот на училиштето на 7-ми Лкетт Интернационален Симпозиум за директори,<br>• Известување за добиена согласност од МОН за вработување на определено работно време-ново финансирање,<br>• Донесување Одлука за распишување на Јавен оглас за еден наставник на определено работно време за учебната 2019/2020 година<br>• Предлози и прашања. | |
| 5. | • Читање и усвојување на записникот од претходната дница број 130;<br>• Донесување Одлука за кооптирање на член во Училишен одбор од страна на Наставнички совет;<br>• Одлука за верификација на членови од Ученички парламент за во Училишен одбор;<br>• Разгледување на анализата на успехот и поведението на учениците од првото тримесечие од учебната 2019/2020година;<br>• Донесување Одлука за измена и дополнување на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година;<br>• Донесување Одлука за вршење редовен годишен попис за 2019година ;<br>• Донесување План за начинот и текот на извршување на годишениот попис за 2019;<br>• Донесување Одлука за Касов максимум за 2020;<br>• Донесување Одлука за користење сопствено возило за службени цели и покривање на патни трошоци на директорот и вработените во училиштето ;<br>• Информации за спроведените активности од Проектот за МИО ;<br>• Донесување Одлука за надоместок на одговорно лице за јавни набавки;<br>• Донесување Одлука за распишување на Јавен оглас за наставник по Физичко и здраствено образование врз основа на добиена согласност од МОН за – ново финансирање;<br>• Мислење од Комисија за избор на одделенски наставник за во продолжен престој;<br>• Донесување Одлука за измена и дополнување на Систематизацијата за работни места и работни задачи при ООУ"Наум Охридски"с.Булачани-Скопје<br>• Информации за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | Ноември<br>2019 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 6. | • Читање и усвојување на записникот од претходната дница број 131;<br>• Изготвување и доставување Мислење до директорот на училиштето ,,Наум Охридски,, с.Булачани-Елизабета Андова за пријавениот кандидат Ненад Рајковчевски, за вработување на работно место наставник по физичко образование по објавен јавен оглас од 19.11.2019 година,<br>• Одлука за донесување на Статут на ООУ"Наум Охридски"с.Булачани-Скопје<br>• Евидентирање на Изјави од сите членови и претседателот на Училишен одбор,<br>• Одлука за промена и надополнување на Планот за јавни набавки за 2019 година<br>• Предлози и прашања | Ноември<br>2019 |
| 7. | • Читање и усвојување на записникот од претходната дница број 132<br>• Донесување на Полугодишен извештај за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година<br>• Донесување Одлука за објавување на јавен оглас за изведување на ученички екскурзии и излети за сите ученици,<br>• Донесување Одлука за објавување на јавен оглас за сликање на сите ученици и изработка на алманах за учениците од IX одделение,<br>• Донесување Одлука за избор на челнови за во комисија за прибирање на понуди за изведување на екскурзии,<br>• Донесување Одлука за избор на челнови за во комисија за прибирање на понуди за сликање на сите ученици и изработка на алманах за учениците од IX одделение,<br>• Донесување на план за Јавни набавки за 2020 година<br>• Информација за спроведени активности во училиштето<br>• Предлози и прашања | Јануари<br>2020 |
| 8. | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница број 133;<br>• Извештај од изработен попис на средствата и изворите за 2019 година;<br>• Разгледување на Записникот од комисија за разгледување на документите од пријавените кандидати и познавање на кирилското писмо за истите;<br>• Изготвување и доставување Мислење до директорот на училиштето ,,Наум Охридски" с. Булачани, Елизабета Андова за пријавените кандидати по објавен јавен Оглас од 24.01.2020 година за вработување на наставен кадар на определено работно време до 31.08.2020 година;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето | Јануари<br>2020 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Предлози и прашања | |
| 9. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 134;<br>• Донесување одлука за измени на планот за Јавни набаки за 2020 година<br>• Донесување Одлука за избор на најповолна понуда за изведување на настава во природа, за еднодневни, дводневни и тродневни екскурзии и излети за тековната 2020 година ;<br>• Донесување Одлука за избор на најповолна понуда за фотографирање на учениците од I до IX одделение и изработка на алманах за учениците од IX одделение за тековната 2020 година;<br>• Донесување Одлука за посета на Директорот на училиштето Елизабета Андова на Обука за современи директори на училишта Модул 3 – Германија;<br>• Предлози и прашања; | Февруари 2020 |
| 10. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 135;<br>• Извештај од приходи и расходи на жиро-сметките 777010396478710, 777010396490314 и 160010396460318,<br>• Предлози и прашања | Февруари<br><br>2020 |
| 11. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница број 136;<br>• Информација за поднесување известување до градоначалникот на општина Гази Баба г-дин Борис Георгиевски за директор на ООУ "Наум Охридски" с.Булачани-Скопје,<br>• Предлози и прашања | Април<br><br>2020 |
| 12. | • Читање и усвојување на записникот од предходната седница број 137;<br>• Разгледување на Анализата на успехот на учениците I до IX одделение и и нивното поведение на крајот на третото тромесечие од учебната 2020/2021 година;<br>• Известување од комисијата за прибирање понуди за изведување на ученички екскурзии и излети;<br>• Известување од комисијата за прибирање понуди за сликање на учениците од I до IX одделение и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Донесување на Одлука за прифаќање на тимови за изработка на Самоевалуација на училиштето;<br>• Донесување на Одлука за формирање на училишна комисија за спроведување на Самоевалуација на училиштето;<br>• Информации за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | Април<br><br>2020 |
| | • Читање и усвојување на записникот од предходната седница ; | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | • Донесување одлука за користење на стари учебници;<br>• Донесување на Одлука за формирање Комисија за користење на стари учебници,прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основно училиште;<br>• Донесување Одлука на Правилникот за прифаќање на видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците на ООУ ,,Наум Охридски,, с.Булачани, Гази Баба, како и начинот на нивната примена;<br>• Донесување Одлука за прифаќање на критериумите за Пофалба на ученик за една учебна година и Критериумите за избор на првенец на генерација<br>• Донесување Одлука за комисија за разгледување на документи за избор на првенец на генерација 2011-2020 година;<br>• Информации за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | Мај<br><br>2020 |
| 14. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница,<br>• Доенесување Одлука за висина на наградата за ученик на генерација и ученици со одличен и континуиран одличен успех за учениците од IX одделение;<br>• Донесување Одлука за првенец на генерација 2011-2020;<br>• Донесување Одлука најдобро одделение за учебната 2019/2020 година,<br>• Донесување Одлука за формирање на стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето;<br>• Донесување Одлука за издавање на простор;<br>• Донесување Одлука за формирање на Комисија за издавање деловен простор под закуп;<br>• Одлука за утврдување на висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на Училиштето,<br>• Предлози и прашања | Јуни<br><br>2020 |
| 15. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Разгледување на Годишен извештај за работа на училиштето во учебната 2019/20 година;<br>• Донесување Одлука за наставник кој ќе го изготвува распоредот за учебната 2020/2021 година и определување на парични средства за изработка на истиот;<br>• Донесување Одлука за назначување на одговорен наставник во ПООУ,,Наум Охридски,, с.Црешево; | Јули<br><br>2020 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Донесување Одлука за усвојување на Предлог финансов план за 2020 година;<br>• Извештај од работата на Училишниот одбор во учебната 2019/2020 година;<br>• Формирање на Тим за професионален развој;<br>• Донесување Одлука за усвојување на Годишната програма за за работа на училиштето за учебната 2020/2021 година;<br>• Донесување одлука заусвојување на извештајот за самоевалуација на училиштето за 2018-2020 година.<br>• Информации за превземени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања; | |

**Претседател на Училишен одбор**
**Златка Панчевска**

**Активности на Советот на родители**

Советот на родители при ООУ ,,Наум Охридски,, с.Булачани го сочинуваат членови –претставници од секое одделение. Советот на родители во текот на учебната година се состануваше според потребите или барањата на родителите. Првиот состанок од изминатата учебна година се одржа септември 2019 год. На состаноците редовно присуствуваа членовите на Советот на родители, директорот, а по потреба и психологот на училиштето каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Одредени членови земаа учество во изработка на некои правилници и комисии.

Исто така Советот за родители зема активно учество за успешна реализација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието како и во реализација на активностите од Проектот за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем како и активности поврзани за денот на општината. Советот на родители зема и активно учество во кортикултурното уредување на училишните дворови во училиштата.

Претседателот на Советот за родители уредно ги повикуваше членовите внимавајќи на нивните мандати , со тоа што редовно и навремено се кооптираа нови членови. За сите промени што се случуваа во училиштето, за секоја работа што требаше да се направи во врска со учениците редовно беа известувани членовите на Советот на родители.

Како претседател на Советот на родители можам да кажам дека изминатата учебна година успешно се реализираа, успешно завршија одредени работи поврзани со училиштето и надвор од него, благодарение на

воспитно образовниот кадар и членовите на советот кои одговорно си ја сфатија и извршуваа својата задача. И во наредната учебна година верувам дека ќе продолжиме да работиме со исто темпо и навремено ќе ги извршуваме нашите дадени обврски.

**Седници на Совет на родитрели**

| Реден број | Содржина на седницата-Дневен ред | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | • Усвојување на Деловникот за работа на Советот на родители<br>• Усвојување на Годишната програма за работа на Советот на родители;<br>• Коптирање на нови членови во Советот на родители;<br>• Избор на комисија за спроведување на постапка за избор на членови од Совет на родители за во Училишен одбор и за избор на претседател на Совет на родители;<br>• Избор на членови Од Совет на родители за во Училишен одбор;<br>• Избор на претседател, потпретседател и записничар на Совет на родители;<br>• Презентација и давање на мислење на Годишнта програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година и поделба на брошури од годишната програма за работа на училиштето ;<br>• Информација за ужинка;<br>• Информација за спроведување на курс по Англиски јазик, играорна ;<br>• Избор на членови за во комисија за разгледување на документи за осигурување на учениците;<br>• Давање мислење за за изведување на тридневна научна екскурзија и еднодневен есенски излет;<br>• Информација за добиените учебници;<br>• Информации за користење дополнителна литература;<br>• Одлука за задолжително носење на ученичка униформа;<br>• Информација за работа по проширена програма за учениците од I-III одделение;<br>• Информација за продолжен престој | **11. 09. 2019** |

| | | |
|---|---|---|
| | за учениците од I-III одделение<br>• Известување за продолжување на акцијата на ПАКОМАК за собирање на секундарни суровини;<br>• Информација за одржување на претстави, и други посети надвор од редовната настава;<br>• Информација за проектот ,,Училишни градини-Училиште на иднината,,;<br>• Информација за спроведените активности во училиштето; | |
| **2.** | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• Избор на комисија за спроведување на постапка за избор на преставник од Совет на родители за во Училишен одбор;<br>• Избор на член од Совет на родители за во Училишен одбор;<br>• Разгледување на извештајот од Стручниот тим од спроведената тридневна научна екскурзија со учениците од девето одделение со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги;<br>• Информација за осигурување на учениците;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања | **02.10.2019** |
| **3.** | • Читање и усвојување на записникот од предходната седница;<br>• Разгледување на извештајот од Стручниот тим од реализација на еднодневниот есенски излет со учениците од второ до девето одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги;<br>• Известување за осигурување на учениците;<br>• Предлози и прашања; | **16.10.2019** |
| **4.** | • Читање и усвојување на записникот од од претходната седница;<br>• Коптирање на нови членови од Ученички парламент за во Советот на | **14.11.2019** |

| | | |
|---|---|---|
| | родители;<br>• Разгледување на успехот и поведението на учениците од првото тромесечие од учебната 2019/2020 година;<br>• Информации за спроведените активности од Проектот за МИО;<br>• Информации за постигнатите резултати од првото тромесечие од учебната 2019/2020 година;<br>• Договор за ученички униформи;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | |
| **5.** | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година;<br>• Известување за изработениот План за јавни набавки за 2020 година;<br>• Запознавање со Финансовиот план;<br>• Запознавање со измените во Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во основните училишта;<br>• Избор на членови и претседател од Советот на родители во Комисија за прибирање на понуди на изведување на екскурзи;<br>• Избор на членови од Советот на родители за во комисија за разгледување на понуди за сликање на сите ученици и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Избор на членови од Советот на родители за во училишна комисија за спроведувањев на планот за самоевалуација во училиштето за 2018-2020 година;<br>• Информација за спроведените активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | **24.01.2020** |
| **6.** | • Разгледување и расправа на Годишниот | **30.06.2020** |

| | | |
|---|---|---|
| | извештај за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година;<br>• Разгледување на Годишниот извештај од работата на Советот на родители за учебната 2019/2020 година;<br>• Извештај од работата на ОХО проектот;<br>• Извештај од работата на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието;<br>• Информација за изработка на Годишната програма на Советот на родители;<br>• Информација од враќањето на учебниците;<br>• Информации за превземени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | |

**Претседател на Совет на родителите**
**Павлина Трајковска**

**Заклучоци и согледувања на состојбите и унапредување на дејноста**

Превземените активности за организирање на воспитно – образовната работа на почетокот на учебната година задоволуваат со што беше овозможен нејзин позитивен почеток.

Активностите што училиштето ги превземаше се во склоп со можностите и условите со кои тоа располага.

Со реновирањето на училиштата во с. Булачани и во с. Црешево целосно се подобрија условите за изведување на наставно – воспитната работа во ова училиште.

Оваа промена го зголеми ентузијазмот кај наставно – воспитниот кадар и сите вработени во училиштето и овозможува сите активности да се одвиваат според планираната динамика.

Тоа ќе биде поттик да се планираат активности кои ќе го прошират полето на работа и на вработените и на учениците со планирани и организирани посети на други културни и институции од јавен карактер.

Сите наставници ги посетуваа сите планирани семинари организирани од МОН и БРО и од УСАИД кои ќе придонесат за изведување на поквалитетен воспитно – образовен процес.

Согласно препораките на Владата на РСМ, Комисијата за заразни болести и МОН во периодот на пандемијата од 11.03.2020 до крајот учебната година

работните активности се одвиваа преку средствата за електронска комуникација. Планираните активности со учениците во домен на екскурзии, посети, натпревари, и други настани беа откажани. Наставниот кадар максимално се придржуваше до дадените препораки и насоки добиени од МОН. Наставата се одвиваше електронски како и целокупната меѓусебна интеракција. Иако во такви видно-изменети услови се функционираше, ентузијазмот кај вработените не беше намален.

Директор,

________________________

м-р Елизабета Андова